ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# “Волшебната картонска кутија“

Играта е едно од најзначајните моменти во животот на едно дете.Тоа е царство на целосна слобода, креативност, самоизразување, експериментирање, стекнување на вештини , знаења, развивање на когнитивните способности.Детето има можност да се запознае со карактеристиките на предметите, различни облици , бои ,материјали...Самата можност да играат со различни материјали е од особена важност при поттикнувањето и развивањето на креативноста.

Интересни за децата се играчките и игрите од природни материјали. Тие го поттикнуваат развојот на социјалните и јазичните вештини, психомоторниот развој, и воедно ја будат еколошката свест кај децата уште од мали нозе. Особено интересни се оние играчките кој ја поттикнуваат интеракцијата помеѓу децата и родителите. Токму такви играчки можат да се направат од **картонска кутија.** Сигурно некаде во домот имаме некоја заборавена картонска кутија која може да се искорист за креативна игра и забавно дружење!!! Ајде да се обидеме картонската кутија навистина да биде волшебна!!! Потребна ви е кутија, ножички, лепак,салотејп,фломастери, водени бои,хартија во боја..... и вашата имагинација!!!






**Волшебниот замок**!!! Овозможете му на вашето дете да заплови во светот на бајките, да игра со својот замок, кралеви , принцови принцези,со своите играчки....и заедно да осмислите некоја приказна! Исечете ги деловите од кутијата и замолете го вашето дете да го избои и украси замокот по желба!!



**Куќичка за играње**!! Едноставно и лесно !! Потребно е да ги зацврстите деловите од кутијата  со поширока леплива трака за да бидат поцврсти а децата да ја украсат.Внатре можат да внесат дел од своите омилени играчки , книги...





**Телевизор од кутија**!Ви треба една поголема кутија , исечете го делот каде ќе биде екаранот , и нацртајте детали  или исечете и залепете да личи што повеќе на ТВ!! Може да го искористите и за театарска претстава!!



**Можеме и да се обидеме да готвиме** !! Ајде да направиме пица и нешто  што наликува на фурна !! Мммм вкусно!!  Овопат ни е потребна помала кутија и хартија во боја.



**Автомобил!!** Една од поинтересните работи што можете да ги направите од поголема картонска кутија е и автомобил.Откако ке ја декорирате, замолете го вашето дете да влезе внатре и да се замисли посакуваната дестинација!!








**Аквариум!!** Потребна е помала кутија, хартија во боја која ќе ви послужи да направите риби во различни бои!!Замолете го вашето дете да учествува во изработката (со ножичките да ги исече рибите).





**Уметнички штафелај!!** Доколку ја имаме соодветната кутија многу едноставно ќе го направиме малиот штафелајот за големите уметници!!



**Компјутер!** Можеме да се обидеме да направиме компјутер, а мониторот да послужи како табла за цртање!!





## Да ја искористиме креативноста и да создадеме интересни игри!!












## Од картон до математика!!!


















Подготвил: психолог Ценче Башоска

Ј.У.О.Д.Г “Орце Николов“